

Дарко Башевски, фотографија

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

# Трето биенале на младите

**Жирито на манифестацијата главната награда му ја додели на скулпторот Станко Павлевски. Откупната награда му припадна на Исмет Рамиќевиќ, скулптор, а наградите од Министерството за култура ги добија Благоја Маневск, Јован Шунковски, Ладислав Цветковски и Виолета Чаповска**

Третото Биенале на млади, отворено во вторник во Музејот на Современата уметност во Скопје, некако спонтано и убаво се совпаѓа „Третиот Илинден", а воедно ја промовира првата изложба во суверена и независна Македонија.

И покрај тоа што оваа година одзивот е помал, селекционата комисија во состав: Петар Хаџи Бошков, поранешен проф. на Факултетот за ликовни уметности во пензија, Мирослав Грчев проф. на Архитектонскиот факултет, Бојан Иванов, асистент на Филозофскиот факултет, (катедра за историја на уметноста), Захаринка Алексовска Бачова и Викторија Васева Гинеска, кустоси во Музејот на современата уметност, се реши за построг критериум со целосно почитување на творечкиот чин и предложи избор базиран врз тезата дека Биеналето не треба да значи панорамско претставување на нашата млада ликовна сцена туку предочување и истакнување на овие творби и дострели што го содржат и подразбираат вистинскиот степен на вреднување.

Како традиционална ликовна манифестација, Биеналето е воспоставено 1987 година, а му претходеа изложбите на младата генерација, што се организираа секоја четврта година. Овој сегмент од нашиот

ликовен живот им дава можност на новите генерации да го искажат својот младешки потенцијал, и ентузијазам, кои што, како една квалитативна одредница, ќе може да се „верифицираат" во нивното натамошно творештво. Немал број автори што се претставени на Биеналето, веќе неколку години station наназад го свртуваат вниманието на публиката и на критиката во еден поширок ликовен простор. Станува збор за автори коишто во своето творештво развиваат еден поинаков ликовен принцип во поливалентната ликовна сцена, со што иницираат специфичен, автентичен и автохтон ракопис и елоквантно елаборирана и презентирана мисла. Евидентното повторување на наградените автори на Биеналата несомнено ја потврдуваат оваа констелација.

Младите уметници претставуваат силен потенцијал за нашата ликовна сцена, за нејзиното профилирање и веќе докажана афирмација надвор од македонските простори. Годишнава награда на Биеналето е доделена на Станко Павлевски, автор што на сите три Биенала доби награди. Откупната награда на Музејот на современата уметност му припадна на Исмет Рамичевиќ за дело со пречистена мисла и јасен концепт, дело што убедливо ја трасира неговата развојна линија. Покрај овие автори кај кои, уште од првиот настап се забележува поместување од стандардите на ликовното проседе, се јавуваат и неколкумина штотуку дипломирани творци кај кои се насетува желба да се излезе од шаблонот и еден поинаков однос и приод кон делото и просторот. Ова ги подразбира ликовните решенија на Виолета Чаповскаа, Ладислав Цветковски, Игор Хаџи Бошков.

Министерството за култура додели четири награди и тоа на Виолета Чаповска за графика, Ладислав Цветковски – цртеж, Благоја Маневски и Јован Шумковски – сликарство.

Реализирањето на овогодишното Биенале, во ситуација кога одреден број манифестации го прекинуваат својот континуитет, а изложбената дејност секнува, зборува за виталноста на уметничкиот дух и има поинакви репери визави останатите сегменти од сегашниот миг на живеење.

**Викторија В. ДИМЕСКА**